РЕСУРСЕН ЦЕНТАР
на родители на деца
со посебни потреби

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2015

## РЕСУРСЕН ЦЕНТАР НА РОДИТЕЛИ НА ДЕЦА

## СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

“Васко Карангелески” бр 33,
1000 Скопје
+389 78 449 852, +389 78 449 851
resursen.centar@yahoo.com
www.resursencentar.mk

Подготвен од: Здружение на граѓани РЕСУРСЕН ЦЕНТАР на родители на деца со посебни потреби

**Февруари, 2016 Скопје**

# ВОВЕД

Ресурсниот Центар на родители на деца со посебни потреби е формиран уште 2012-та година (активно започнува со работа во 2014 година) како родителска организација со мисија да им служи на сите деца со посебни потреби и нивните семејства преку обезбедување на поддршка, помош, пристап до информации, обезбедување на остварување на нивните права и овластувања во сите сегменти на животот, успешна социјална инклузија и подигнување на јавната свест и одговорност.

Иницирано, формиран и воден од родители на деца со посебни потреби, а замислен како национален родителски сервис кој им служи на родителите и нивните деца со посебни потреби, Ресурсниот Центар делува како партнер на родителите, на здруженија кои чии активности и делување се однесуваат на децата со посебни потреби, но едновремено и на институциите кои работат на подобрување на условите на животот на децата со посебни потреби.

Ресурсниот Центар на родители на деца со посебни потреби нема членство, а нашите сервиси и услуги се така дизајнирани, да ги поддржат семејствата во нивниот секојдневен живот.

Фокусиран на промоција на профилот на лице со потенцијал, а не лице со посебна потреба, РЦ верува дека секое лице со посебна потреба има право да живее свој сопствен живот и да тежнее кон своите цели без ограничувања, предрасуди и очекувања од другите луѓе.

## МИСИЈА НА РЕСУРСНИОТ ЦЕНТАР

Да им служи на сите деца со посебни потреби и нивните семејства преку: обезбедување на *поддршка*, *помош*, *пристап до информации,* обезбедување на *остварување на нивните права* во сите сегменти на животот со цел - што поуспешна социјална инклузија, како и подигање на јавната свест и одговорност за постоењето на тие права

## ЗА ИЗВЕШТАЈОТ

Овој извештај има за цел да ја презентира работата на Ресурсниот Центар на родители на деца со посебни потреби во текот на 2015-та година.

Во текот на 2015 година РЦ спроведе два главни проекти во кои како донатори се јавуваат **УНИЦЕФ Македонија** и **Британската Амбасада во Република Македониа**. Потпишани се голем број на Меморандуми на соработка (над 40) со здруженија, општини, училишта, дневни центри, меѓуопштински центри за социјална работа итн. Вкупно на проектот на УНИЦЕФ беа ангажирани 7 лица и тоа: два национални координатори, три регионални координатори, административен асистент и асистент за сос-линија. На проектот спроведен со Британската Амбасада во РМ беа ангажирани вкупно три лица: проект менаџер и двајца асистенти.

# ДЕЛ ОД АКТИВНОСТИТЕ ВО 2015

**<u>СЕРВИСИ</u>**

- Дизајнирана веб страница www.resursencentar.mk, и FB профилот во чии рамки е формирана и затворена FB група Посебни родители, како и СОС Линија.
- Ангажирани 3 регионалните координатори и 2 национални координатори за работа кон зајакнување и на локалната заедницата. Регионалните координатори подобро ја познаваат ситуацијата на терен и добро остваруваат контакти со локалните институции.
- Изработен софтвер за мапирање на децата, но и семејствата со деца со посебни потреби. Обработката на внесените информации за децата со посебни потреби, но и за нивните смејства ќе ја даде вистинската слика за моменталната ситуација, за сегашните и идните потреби на оваа ранлива категорија на граѓани..
- Во склоп на активностите поддржани од УНИЦЕФ, во Октомври 2015 година, во Михајлово, Кавадарци, РЦ организираше т.н психолошки камп организиран само за родители на деца со посебни потреби, за прв пат во Македонија. Кампот го водеше проф. Дијана Белевска, а имаше преку 120 учесници – родители на деца со посебни потреби.
- Ресурсниот Центар е партнер на многу здруженија и НВО организации, а во текот на 2015 потпиша над 40 Меморандуми на соработка со здруженија, организации, институции итн.
- Ресурсниот Центар присуствуваше на многунастани, конференции, форуми и случувања кои ги организираат нашите партнери и партнерски здруженија.

# ПРОЕКТИ ВО 2015 год.

1. <u>Ресурсен Центар на родители на деца со посебни потреби – Подобрување на инклузија</u>

| | |
|---|---|
| Донатор: | UNICEF, United Nations Children's Fund |
| Времетраење на проектот: | 01 April, 2015 – 31 December 2015 |
| Партиципација на УНИЦЕФ: | 63.702,00 USD (2.866.600,00 MKD) |
| Партиципација на РЦ: | 20.333,00 USD (915.000,00 MKD) |

**Цел на проектот**: Создавање на база на податоци достапни за употреба во институциите при креирањето на идните политики и поради објективноста на податоци, ќе резултира со повеќе објективен и позитивен исход. Родителите, со користење на ресурси и поддршка на РЦ родителите ќе бидат информирани, и со тоа правилно поставени во системот на инклузијата на децата, особено инклузијата во образованието и раниот детски развој

**Активности:** развивање на софтвер за база на податоци за семејства со деца/лица со попреченост, одржување на промотивни настани и презентации за претставување на работата на Ресурсниот Центар, продолжување и зајакнување на постоечките платформа за проактивна комуникација (социјалните мрежи, електронска пошта, веб-страница); проширување на мрежа на организации за заедничкиот активности и услуги; психолошка поддршка на родителите преку организирање на психолошки обуки и обуки за вештини за самосзастапување на родителите на децата со попреченост; учество во обуки поддржани од УНИЦЕФ и дисеминација на информации со други родители преку РЦ; соработка со институции и единиците на локална самоуправа, како и застапување на правата на децата/лицата особено во образованието овозможувајќи пристап кон правна поддршка во случаи кога правата на децата се прекршени.

2. **<u>Комуникациска програма на Ресурсниот Центар (Outreach for the Parent Resource Center)</u>**

Донатор: Британска Амбасада во РМ (FCO Strategic Programme Fund and Bilateral Programme Fund, UK)

Времетраење на проектот: 01 March, 2015 to 30 April, 2015

Вредност на проектот: 340.000,00 МКД (4.690,00 £)

**Цел на проектот:** Изработка на комуникациска програма на Ресурсниот Центар и претставување на истата во 4 града во Македонија

**Активности**: Изработка на комуникациска програма заедно со брендирање за препознатливост на Ресурсниот Центар (визит картичка, постер и флаер), одржани презентации во Кичево, Крива Паланка, Ново Село и Ресен пред претставници од институциите и родителите (Меѓуопштински центри за социјални работи, наставници кои работат со деца со попреченост итн.)

## РЕСУРСНИОТ ЦЕНТАР ВО ДЕЛ МЕДИУМИТЕ ВО 2015 год.

**Vistina.mk, 24 Јуни , 2015**

http://arhiva.vistina.mk/?p=224688

**А1.мк, 28 Јуни 2015**

http://www.a1.mk/zanimlivosti/zivot/ekskluzivno-intervju-so-maja-lazarevska-samo-so-zaednicki-sili-nasiot-glas-ke-bide-mnogu-posilen?edit=drag

**Kurir.mk, A1 mk, 1 Mart, 2015**

http://resursencentar.mk/%D1%81%D0%B0%D0%BC%D0%BE-%D1%81%D0%BE-%D0%B7%D0%B0%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%B8-%D1%81%D0%B8%D0%BB%D0%B8-%D0%BD%D0%B0%D1%88%D0%B8%D0%BE%D1%82-%D0%B3%D0%BB%D0%B0%D1%81-%D1%9C%D0%B5/

**ТЕРА.МК, 01 Јули, 2015**

**http://tera.mk/pomosh-za-roditelite-so-detsa-so-posebni-potrebi/**

**Телеканал, А1, Струмица, 24 Август 2015**

http://resursencentar.mk/%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%BC%D0%BE%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%B5%D0%BD-%D0%BD%D0%B0%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%BD-%D1%81%D1%82%D1%80%D1%83%D0%BC%D0%B8%D1%86%D0%B0/

**СПЕКТРА ТВ, 22.09.2015**

**http://forward.daily.mk/makedonija/promotiven-nastan-resursen-centar-roditeli-deca-posebni-potrebi**

**ТВ Орбис, 03 Декември, 2015**

http://tvorbis.com.mk/?p=22118

## ФОТОГРАФИИ ОД ДЕЛ ОД АКТИВНОСТИТЕ ВО 2015 год.






РЕСУРСЕН ЦЕНТАР
на родители на деца
со посебни потреби


ВИЕ БИ НАПРАВИЛЕ СЀ ЗА НИВ,
А НИЕ СЀ ЗА ВАС!
Ресурсниот центар на родители на деца со посебни потреби
ви стои на располагање во секое време.
078 449 852
resursen.centar@yahoo.com
www.resursencentar.mk


РЕСУРСЕН ЦЕНТАР
на родители на деца
со посебни потреби
ВИЕ БИ НАПРАВИЛЕ СЀ ЗА НИВ,
А НИЕ СЀ ЗА ВАС!
Знаеме точно низ што поминувате.
Знаеме, затоа што и ние сме минале низ истото.
Патот е тежок и не постојат едноставни решенија.
Но, затоа постои повеќе поддршка и помош отколку што мислите.
Ресурсниот центар на родители на деца со посебни потреби
ви стои на располагање.
078 449 852
resursen.centar@yahoo.com
www.resursencentar.mk










FULL HD
MDH2
Panasonic
Made in Japan






УТРИНСКИ ПУЛС
24.08.2015
УЛОГАТА НА РОДИТЕЛИТЕ НА ДЕЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ
20°C
08:04
034/521-082
РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ - 195
АМСМ (помош на пат) - 196

